# Службен гласник
## на Општина Валандово

Број 14 17.11.2025, понеделник

www.valandovo.gov.mk

**СОДРЖИНА**


**Градоначалник на Општина Валандово:**

1. **Решение** за разрешување на директорот на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Калинка" Валандово........ 2
2. **Решение** за именување на Вршител на должноста – Директор на Јавната Општинска Установа Детск Градинка „Калинка" Валандово........ 2

**Совет на Општина Валандово:**

1.**Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.09.2025 година........ 3
2.**Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.09.2025 година........ 3
3.**Решение** за објавување на Заклучок за одобрување на План на програмите за развој........ 3
4.**Заклучок** за одобрување на План на програмите за развој........ 3
5.**Решение** за објавување на Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025/2026 година во зимски услови........ 4
6.**Програма** за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025/2026 година во зимски услови
7.**Решение** за објавување на Одлука за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Управа за водење на матични книги, Подрачна канцеларија Валандово........ 4
8.**Одлука** за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Управа за водење на матични книги, Подрачна канцеларија Валандово........ 6
9.**Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 15.07.2025........ 6
10.**Заклучок** за усвојување на Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 15.07.2025........ 6
11.**Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година........ 7
12.**Заклучок** за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година........ 7
13.**Решение** за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 и 21.03.2025 година........ 7
14.**Заклучок** за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 и 21.03.2025 година........ 8
15.**Решение** за објавување на Одлука за формирање на Комисија за координација и соработка со невладини

организации, асоцијации и здруженија на граѓани и за избирање на претседател и членови на Комисијата........... 8
16.**Одлука** за формирање на Комисија за координација и соработка со невладини организации, асоцијации и здруженија на граѓани и за избирање на претседател и членови на Комисијата......................................................... 8
17.**Решение** за објавување на Решение за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Училишен одбор на СОУ „Гоце Делчев" Валандово............ 9
18.**Решение** за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Училишен одбор на СОУ „Гоце Делчев" Валандово............................................................... 9
19.**Решение** за објавување на Решение за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата „25-ти Мај" Валандово......................................... 9
20.**Решение** за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата „25-ти Мај" Валандово........................................................................... 9
21.**Решение** за објавување на Решение за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка" Валандово................................ 10
22.**Решение** за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка „Калинка" Валандово.......................................................................... 10
23.**Решение** за објавување на Одлука за формирање на Орган за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка" Валандово...................... 10
24.**Одлука** за формирање на Орган за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка" Валандово.......................................................................... 10
25.**Решение** за објавување на Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Валандово во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)............................................................................ 11
26.**Одлука** за долгорочно домашно задолжување на Општина Валандово во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)……………….......... 11

---

Градоначалникот на Општина Валандово врз основа на член 120 став 9 во врска со став 11, член 124 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21,150/22, 236/22, 265/24, 17/25 и 132/25), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 36 став 1 алинеја 9 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на директорот на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Калинка" Валандово**

1. Марија Тодорова Занова **СЕ РАЗРЕШУВА** од директор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Калинка" Валандово, на нејзино лично барање согласно член 124 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата.

2. Должноста директор на ЈОУДГ „Калинка" Валандово, Марија Тодорова Занова ќе ја врши заклучно со ден 14.11.2025 година.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Валандово".

***О б р а з л о ж е н и е***

Директор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Калинка" Валандово Марија Тодорова Занова на ден 05.11.2025 година, во архивата на Општина Валандово има поднесено оставка на функцијата и истата е заведена под бр.09-1183/1 од 05.11.2025 година. Во оставката наведува дека истата ја поднесува поради лични причини и истата ќе ја извршува до назначување на нов директор на Јавната Општинска установа Детска Градинка „Калинка" Валандово од страна на Градоначалникот на Општина Валандово.

Почитувајќи ја волјата на барателот дека се откажува од вршењето на функцијата Директор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Калинка" Валандово поради нејзини лични причини, а имајќи ги во предвид одредбите од член 124 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.09-1183/2 — Градоначалник
14.11.2025 година — на Општина Валандово
Валандово — Ѓоко Камчев

---

Градоначалникот на Општина Валандово, врз основа на член 120 став 9 во врска со член 126 и член 127-а од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21,150/22, 236/22, 265/24, 17/25 и 132/25), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 36 став 1 алинеја 9 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на Вршител на должноста – Директор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Калинка" Валандово**

1. За вршител на должноста – Директор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Калинка" Валандово, **СЕ ИМЕНУВА** Гордана Кочева - дипломиран педагог по физичко воспитание.

2. Вршителот на должноста – директор ќе ги има сите права и обврски како Директор на Јавната

Општинска Установа Детска Градинка „Калинка“ Валандово, сметано од 15.11.2025 година.

3. Се задолжува вршителот на должноста – директор во рок од 3 (три) дена со разрешениот директор да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски норми.

4. Функцијата вршител на должноста – директор ќе се извршува се до избор на Директор на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Калинка“ Валандово, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Валандово“.

***Образложение***

Врз основа на одредбите од член 126 од Законот за заштита на децата каде е предвидено дека Градоначалникот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот.

Бр.09-1229/1 — Градоначалник
14.11.2025 година — на Општина Валандово
Валандово — Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.09.2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.09.2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

Бр.09-1236/2 — Градоначалник
14.11.2025 година — на Општина Валандово
Валандово — Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024), член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.09.2025 година**

**1.** **СЕ УСВОЈУВА** Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2025 година до 30.10.2025 година, на вкупно остварени приходи од 249.517.260 денари односно 67.00 % од планираните приходи и на извршени расходи од 238.761.958 денари, односно 64.00 % од планираните расходи.

**2.** Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-151/2 — Совет на Општина Валандово
13.11.2025 год. — Претседател
Валандово — Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за одобрување на План на програмите за развој**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за одобрување на План на програмите за развој, што Советот на Општина Валандово го донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

Бр.09-1236/3 — Градоначалник
14.11.2025 година — на Општина Валандово
Валандово — Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015; 167/2016; 79/2020 и „Службен весник на РСМ“ бр.151/2021; 87/2022; 3/2025), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и “Службен весник на РСМ” бр.202/2024) и член 45 и 48 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на третата редовна седница одржана на ден 13.11.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за одобрување на Предлог Планот на програмите за развој**

1. **СЕ ОДОБРУВА** Предлог Планот на програмите за развој, со развојни потпрограми : Изградба и санација на улици и патишта во град Валандово и населените места, Уредување на просторот во централното градско подрачје, Изградба на капела на градски гробишта во Валандово, Адаптација на ЈП Комунален сервис во Валандово- поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија, Реконструкција на основно училиште "Даме Груев", с. Брајковци, Изградба на затворен пливачки базен во СОУ "Гоце Делчев" Валандово, во вкупен износ на буџетско учество во реализацијата на програмите од 54.519.614,00 денари.

2. Одобрениот Предлог План на програмите за развој е составен дел на Буџетот на Општина Валандово за 2026 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-151/3 Совет на Општина Валандово
13.11.2025 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025/2026 година во зимски услови**

**СЕ ОБЈАВУВА** Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025/2026 година во зимски услови, што Советот на Општина Валандово ја донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

Бр.09-1236/4 Градоначалник
14.11.2025 година на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 34 став 1 и член 36 став 2 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10,23/11, 44/12, 168/2012, 163/13, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ" бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25), Правилникот за мерките за одржување на јавните патишта, начинот и роковите за нивно извршување, како и видот и начинот на извршување на активностите за редовно, зимско, периодично и интервентно одржување на јавните патишта („Службен весник на РМ" бр. 152/2008), член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 15 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 12 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2025/2026 година во зимски услови**

## 1. ОПШТ ДЕЛ

Со оваа Програма се предвидува обемот, динамиката и начинот на одржувањето на локалните патишта и улиците во населените места во Општина Валандово во зимски услови во 2025/2026 година.

Во оваа Програма нема да бидат опфатени Регионалните патишта Удово – Струмица – Дојран и Оранжерии - клучка Марвинци, чие одржување е преку ЈП „Македонија пат".

Програмата има за цел да се предвидат активности за ефикасно организирање и функционирање на сите правни и физички лица преку:

- дефинирање на работите и обврските за сите учесници во нејзината реализација;
- определување на обемот на работите и нивото на чистење на снегот и голомразицата од коловозните површини;
- определување на потребните финансиски средства.

## 2. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА УЧЕСНИЦИТЕ

Преку организациската поставеност на учесниците ќе бидат дефинирани работите и задолженијата на директните учесници вклучени во реализацијата на оваа Програма.

Општина Валандово

- Донесува Програма;
- Склучува договори за реализирање на активностите предвидени со Програмата;
- Преку средствата за јавно медиуми ја информира јавноста за обврските на субјектите задолжени за зимското одржување;
- Учествува во финасирањето на активностите;
- Преку своите стручни служби врши надзор во извршувањето на Програмата.

Претпријатие со кое Општина Валандово има склучено договор за реализација на програмата

- Ја реализира програмата;

- Врши набавка и складирање на сол и песок и се грижи за правилно и навремено расфрлање;
- Организира редовна приправност со потребна опрема, алат, резервни делови и стручен кадар за обезбедување исправност на сопствената механизација;
- Врши посипување на сол и песок;
- Го расчистува снегот од коловозните ленти во населените места;
- Ги прочистува главните одводни пропусти за прифаќање на вишоко вода од обилни врнежи на дожд и снег;
- Врши сечење и отстранување на паднати дрва и гранки од коловозите и тротоарите.

Други учесници

- ЕВН – КЕЦ Гевгелија ги расчистува нивните објекти и електроинсталациите од обилни снегови;
- Македонски телекомуникации ги расчистува нивните објекти и телефонски инсталации;
- Претпријатијата, училиштата, јавните установи и граѓаните сопственици или корисници на згради и простории (продавници, самопослуги, ресторани, кафе барови и друго) преземат мерки за чистење на снегот пред своите објекти.
- Граѓаните сопственици на индивидуални станбени објекти го чистат снегот и голомразицата од тротоарите и приодните места пред своите станбени објекти.
- ПС од ОН Валандово – Сообраќајна полиција го контролира и регулира сообраќајот на сообраќајниците и секогаш ќе биде во непосредна врска со сите задолжени субјекти за реализација на оваа Програма.
- Општинскиот центар за справување со кризи ги следи состојбите и благовремено информира за потребата од интервенција, а во случај на појава на елементарни непогоди од поголеми размери кои не можат да се разрешат со организационата поставеност на зимската служба, прогласува вонредна состојба и непосредно раководи со акциите за отстранување на последиците.
- Месните заедници, секоја на своето подрачје, активно се вклучува и учествува во расчистување на снегот.

## 3. ОБЕМ НА ОДРЖУВАЊЕ

Обемот на одржување на улиците во населените места зависи од:

- Густината на населението;
- Фрекфенцијата на луѓе и моторни возила;
- Видот и бројот на инфраструктурни објекти;

Коловозните ленти како улици за оспособување се вкупно 119,10 км во 18 населени места.

Коловозните ленти како локални патишта за оспособување се вкупно 78,20 км.

Расчистувањето на коловозните површини ќе се одвива според приоритетна листа.

## 4. ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА

Зимското одржување ќе се извршува со машинско чистење на снегот од коловозот, расфрлање на сол и песок по отстранувањето на снегот и рачно чистење на одредени места, според важноста на локалните патишта и улици, интензитетот на сообраќајот и местоположбата на истите.

Ценејќи го тоа се утврдуваат 2 (две) приоритетни групи на одржување.

Прв приоритет

Во првата приоритетна група спаѓаат сите локални патишта и главни улици во населбите кои овозможуваат влез и излез.

Втор приоритет

Во втор приоритет спаѓаат улиците низ населените места кои водат до виталните објекти: училишта, амбуланти, гробишта и бунарите за вода.

## 5. ДИНАМИКА И НИВО НА ОДРЖУВАЊЕ

Оспособувањето на коловозите се врши во зависност од временските услови и тоа:

- Прва состојба на готовност – е состојбата на присуство на голомразица и снежни врнежи до 20 см;
- Втора состојба на готовност – е состојба на присуство на голомразица и снежни врнежи над 20 см.

Оспособувањето на коловозите во прва и втора состојба на готовност го врши ЈП „Комунален сервис" Валандово, со кој во име на општината Градоначалникот ќе склучи посебен договор.

Организацијата на работите ја врши Директорот на ЈП „Комунален сервис", по налог на Градоначалникот на Општина Валандово.

За изведување на работите, согласно оваа Програма ќе биде ангажирана механизација и тоа: ровокопач-натоварувач и трактори со даска за чистење снег.

ЈП „Комунален сервис" е должен благовремено да обезбеди 10.000 кг. сол и 30м$^3$ ризла.

## 6. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И НАДЗОР

Извршувањето на програмата го врши Општина Валандово преку ЈП „Комунален сервис" Валандово.

Надзор над извршувањето на програмата врши Градоначалникот на Општина Валандово, преку Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР и Одделението за инспекциски надзор.

**7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-151/4 | Совет на Општина Валандово |
| 13.11.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Управа за водење на матични книги, Подрачна канцеларија Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Управа за водење на матични книги, Подрачна канцеларија Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1236/5 | Градоначалник |
| 14.11.2025 година | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.Весник на РМ" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и („Сл.Весник на РСМ" бр. 101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), член 21 став 1 точка 32, член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на третата редовна седница, одржана на ден 13.11..2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање на времено користење на недвижен имот сопственост на Општина Валандово на Управа за водење на матични книги, Подрачна канцеларија Валандово**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува давањето на времено користење на дел од недвижен имот (една канцеларија) сопственост на Општина Валандово лоцирана на КП бр. 2245 КО Валандово, запишан во Имотен лист 1038 со површина од 17м$^2$ на приземје, на Управа за водење на матични книги, Подрачна канцеларија Валандово.

**Член 2**

Примопредавањето на недвижната ствар опишана во член 1 од оваа Одлука да се изврши помеѓу претставници на Општина Валандово и Управа за водење на матични книги, Подрачна канцеларија Валандово во рок од 30 дена од денот на влегување на сила на оваа одлука.

Примопредавањето да се изврши со записник составен во 4 (четри) еднообразни примероци од кои по 2 (два) за секоја страна.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-151/5 | Совет на Општина Валандово |
| 13.11.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 15.07.2025**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 15.07.2025, што Советот на Општина Валандово го донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

| | |
|---|---|
| Бр.09-1236/6 | Градоначалник |
| 14.11.2025 година | на Општина Валандово |
| Валандово | Ѓоко Камчев |

Советот на Општина Валандово, на третата редовна седница одржана на 13.11.2025 година, расправаше по Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на

15.07.2025 година, при што согласно член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 15.07.2025**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на силно невреме проследено од дожд и град, грмежи и силен ветер која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 15.07.2025 година.

2. Елаборатот да се достави до сите надлежн институции за постапување по истиот.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-151/6 Совет на Општина Валандово
13.11.2025 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

Бр.09-1236/7 Градоначалник
14.11.2025 година на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Советот на Општина Валандово, на третата редовна седница одржана на ден 13.11.2025 година, расправаше поЕлаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година, при што согласно член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: силно невреме проследено со пороен дожд, врнежи од град, грмежи и силен ветер која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово на ден 02.07.2024 година, бр.08-23/3-1 од 27.10.2025 година.

2. Измената на елаборатот да се достави до сите надлежни инстиуции за постапување по истиот.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-151/7 Совет на Општина Валандово
13.11.2025 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 и 21.03.2025 година**

**СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Елаборат за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 и

21.03.2025 година, што Советот на Општина Валандово го донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

Бр.09-1236/7 Градоначалник
14.11.2025 година на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Советот на Општина Валандово, на третата редовна седница одржана на ден 13.11.2025 година, расправаше по Елаборатот за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 и 21.03.2025 година, при што согласно член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45 и член 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Елаборатот за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 и 21.03.2025 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Елаборатот за измена на елаборат за проценета штета од елементарна непогода: настаната како последица на ниските температури и појава на слана која го зафати подрачјето на Општина Валандово на 20.03.2025 и 21.03.2025 година бр.08-40/12 од 27.10.2025 година.

2. Измената на елаборатот да се достави до сите надлежни инстируции за постапување по истиот.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Бр.08-151/8 Совет на Општина Валандово
13.11.2025 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за формирање на Комисија за координација и соработка со невладини организации, асоцијации и здруженија на граѓани и за избирање на претседател и членови на Комисијата**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за формирање на Комисија за координација и соработка со невладини организации, асоцијации и здруженија на граѓани и за избирање на претседател и членови на Комисијата, што Советот на Општина Валандово ја донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

Бр.09-1236/9 Градоначалник
14.11.2025 година на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 21 став 1 точка 38, член 25, член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на третата редовната седница одржана на ден 13.11.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање на Комисија за координација и соработка со невладини организации, асоцијации и здруженија на граѓани и за избирање на претседател и членови на Комисијата**

**Член 1**

**СЕ ФОРМИРА**, Комисија за координација и соработка со невладини организации, асоцијации и здруженија на граѓани со следниот состав:

Гордана Кочева, претседател

Кристијан Тенекеџиев, член
Александар Павлов, член
Окан Абдулов, член
Слободанка Ѓорѓова, член

**Член 2**

Комисијата од член 1 на оваа Одлука остварува соработка со невладини организации, асоцијации и здруженија на граѓани, ги слединивните активности и го координира реализирањето на нивните проекти од аспект на учество на Општината во нивното ефектуирање.

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на Комисија за координација и соработка со невладини организации,асоцијации и здруженија на граѓани бр.08-103/12 од 08.11.2021 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валандово".

Бр.08-151/9 Совет на Општина Валандово
13.11.2025 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Училишен одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Училишен одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

Бр.09-1236/10 Градоначалник
14.11.2025 година на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 88 став 5 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/10, 116/10 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.161/2019; 76/2020; 229/2020; 269/2023; 78/2025; 132/2025), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 28 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на третата редовна седница одржана на ден 13.11.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово**

**Член 1**

За претставници на Општина Валандово за членови на Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово, СЕ ИМЕНУВААТ:

- Сашко Нунов
- Кирил Димов и
- Валентина Зајкова.

**Член 2**

Со денот на влегувањето во сила на оваа Решение престанува да важи Решението за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Училишниот одбор на СОУ „Гоце Делчев“ Валандово бр.08-103/15 од 08.11.2021 година.

**Член 3**

Решението влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“

Бр.08-151/10 Совет на Општина Валандово
13.11.2025 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата „25-ти Мај“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата „25-ти Мај“ Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

Бр.09-1236/11 Градоначалник
14.11.2025 година на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 35, во врска со член 38 од Законот за културата („Службен весник на РМ“ бр.31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/2015, 39/2016, 11/2018, 11/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.90/2020, 169/2020, 265/2024, 132/2025), член 36 ста 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 21 став 1 точка 28, член 25 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на третата редовна седница одржана на ден 13.11.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на претседател и членови на Управниот одбор на Домот на културата „25-ти Мај“ Валандово**

**1.** За претседател и за членови на Управниот одбор на Домот на културата „25-ти Мај“ Валандово, **СЕ ИМЕНУВААТ**

Претседател
Игор Ширтовски

Членови
- Слободан Милошевски;
- Иван Глигоров;
- Ѓургица Чичанова и
- Станка Бајлозова Барламова.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-151/11 Совет на Општина Валандово
13.11.2025 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Решение за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка „Калинка“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Решение за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово, што Советот на Општина Валандово го донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

Бр.09-1236/12 Градоначалник
14.11.2025 година на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 114 став 8 и 13 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20, 294/2021; 150/2022; 236/2022; 236/2022; 265/2024; 17/2025; 132/2025), член 36 став 1 точка 5 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 28 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на третата редовна седница одржана на ден 13.11.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца- Детска градинка „Калинка“ Валандово**

1. За претставници на Општина Валандово за членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово, се именуваат:

- Марија Зајкова
- Марија Занова
- Слободанка Ѓорѓова.

2. Со влегувањето во сила на оваа Решение престанува да важи Решението за именување на претставници на Општина Валандово за членови на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Калинка“ Валандово бр.08-103/18 од 08.11.2021 година.

3. Ова Решение влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-151/12 Совет на Општина Валандово
13.11.2025 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за формирање на Орган за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за формирање на Орган за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

Бр.09-1236/13 Градоначалник
14.11.2025 година на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

Врз основа на член 131 и член 132 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20, 294/2021; 150/2022; 236/2022; 236/2022; 265/2024; 17/2025; 132/2025), член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 27 и член 50 став 2 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на третата редовна седница одржана на ден 13.11.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за формирање на Орган за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Орган за надзор за вршење на внатрешна контрола на работењето на ЈОУДГ „Калинка“ Валандово, со следниот состав:

- Данче Коцевска,
- Верица Кирова и
- Вангелија Дулгерова Маркова.

**Член 2**

Со работата на Органот за надзор раководи претседател, кој го избираат членовите на Органот, од своите редови.

**Член 3**

Органот за надзор врши контрола на материјално-финансиското работење на установата, користењето и располагањето на средствата на установата и за наодите доставува извештај до основачот, надлежното Министерство, Управниот одбор и директорот на установата.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Валандово и за избирање на претседател и на членови на комисијата бр.08-103/19 од 08.11.2021 година.

**Член 5**

Ова Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-151/13 Совет на Општина Валандово
13.11.2025 год. Претседател
Валандово Марија Чурлинова

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 50 став 3, во врска со член 37, став 1 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Валандово во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Валандово во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП), што Советот на Општина Валандово го донесе на третата редовна седница, одржана на ден 13.11.2025 година.

Бр.09-1236/14 Градоначалник
14.11.2025 година на Општина Валандово
Валандово Ѓоко Камчев

---

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 151/21) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), Советот на Општина Валандово на третата редовна седница одржана на 13.11.2025 година донесе

**О Д Л У К А**

**за долгорочно домашно задолжување на Општина Валандово во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Валандово, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем и грант со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во вкупна висина до 23.087.339,00 денари, при што 18.469.871,00 денари се средства од под-заем (во висина од 80% од вкупната инвестиција), додека 4.617.468,00 денари се грант средства (во висина од 20% од вкупната инвестиција). Овие средства ќе се искористат за финансирање на капиталниот инвестиционен под-проект: „Спроведување на мерки за енергетска ефикасност во јавниот сектор во Општина Валандово“

за кој се изготвени следниве основни проекти:

- **Основен проект за реконструкција, спроведување на мерки за енергетска ефикасност за Зграда на Општина Валандово**
- **Основен проект за реконструкција, спроведување на мерки за енергетска ефикасност за ЈОУ Дом на Култура „25-ти Мај“ Валандово**

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следните услови:

- Каматна стапка: шест месечен EURIBOR со фиксен распон

- Грејс период: максимум до 3 години

- Рок на отплата: максимум до 6 години

- Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.09.2031 година

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Валандово.

| | |
|---|---|
| Бр.08-151/14 | Совет на Општина Валандово |
| 13.11.2025 год. | Претседател |
| Валандово | Марија Чурлинова |